ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 0903-149/9**

**Дата: 28.07.2009**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Министерството за правда (во понатамошниот текст МП), средства од Буџетот на РМ за 2008 година, кои се прикажани на страните 13, 14 и 15.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија, согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Извршена е ревизија за 2005 и 2006 година, и за овие години издадени се извештаи за финансиските извештаи на Министерството за правда. За годината која `и претходи на годината што е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   - Михајло Маневски, министер за правда од 31.08.2006 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 12, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 02.03. до 29.05.2009 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. На ден 15.07.2009 година примени се забелешки по Претходниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи на Министерството за правда, Сметка за средства од Буџетот на РМ за 2008 година, заведени под бр. 07 – 3027/2 од 13.07.2009 година, и на ден 16.07.2009 година дополнителни забелешки, заведени под бр. 07-3027/3 од 14.07.2009 година, од министерот за правда. Истите се разгледани, при што е одлучено следното:
    - Забелешката која се однесува на наодот во точка 10.5.1. ал. 4 од Претходниот извештај, се прифаќа, и наодот се брише во Конечниот извештај.
    - Забелешката која се однесува на наодот во точка 10.5.2. ал. 5 од Претходниот извештај, делумно се прифаќа и наодот се преформулира во Конечниот извештај.
    - За забелешките кои се однесуваат на наодите во точките 10.1.1, 10.1.2, 10.2.1. ал. 1, 10.2.2. ал. 1, 10.2.3, 10.4.1. ал. 1, 10.5.1. ал. 2 и 10.5.2. ал. 2 од Претходниот извештај, ревизијата не доби релевантен и достатен ревизорски доказ, како основ за нивно прифаќање, поради што истите се одбиени.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2008 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

### 11.1. Неправилна примена на акти

11.1.1. Министерството за правда нема донесено Програма за работа за 2008 година, спротивно на член 22 од Правилникот за внатрешна организација на МП. Со непостоење на програма за работа не може да се следи динамиката и степенот на извршување на планираните активности на министерството за годината што е предмет на ревизија.

11.1.2. МП нема изготвено годишен извештај за работењето на министерството за 2008 година, согласно Законот за Владата на Република Македонија, ниту пак се изготвени поединечни извештаи од одделни сектори и органи во рамките на министерството, поради што не може да се утврди во колкав обем министерството ги извршило активностите кои се во негова надлежност.

11.1.3. Извршени се набавки на информатичка опрема за МП со подрачните одделенија, судовите и ЈО, за што се потрошени средства во вкупен износ од 10.273 илјади денари, без следење на реализацијата на обврските на договорните страни на начин пропишан со договорот. Во договорите е прецизиран крајниот рок на испорака со утврдување на местата и локациите каде ќе се изврши испораката и инсталацијата, изготвување на испратници заверени од овластени лица од набавувачот и добавувачот, квалитативен и квантитативен прием на опремата, начин, услови и рок на плаќање. Ревизијата констатира дека МП не се придржувало кон одредбите од договорот во однос на обезбедување целосна, заверена и уредна документација за прием на опремата, плаќањето да се врши во утврдениот рок по испораката и инсталацијата на опремата, а во случај на ненавремено и неквалитетно извршување на обврските во договорот да пресметува и наплатува договорна казна – пенали преку обезбедена банкарска гаранција. Ревизијата нагласува дека посебно треба да се обрне внимание на евиденцијата и материјалното задолжување на опремата која се испорачува за други субјекти (судовите и Ј.О.).

Непостапувањето кон одредбите од договорот може да доведе до материјална и финансиска штета на терет на МП и ненавремено извршување на планираните активности.

**Препораки**

1. Министерот за правда да преземе соодветни мерки за навремено донесување на Програмата за работа за наредните години, како и изготвување на годишни извештаи за работењето на министерството, имајќи ја предвид потребата на истите како критериум и обврска за известување во врска со извршените активности на министерството за соодветната година.
2. Во одделението за јавни набавки да се пополнат предвидените работни места со цел следење на обврските по склучените договори и навремено преземање на мерки и активности спрема добавувачите кои не ги исполнуваат преземените обврски.

## 11.2. Неправилна примена на сметководствени политики и начела

11.2.1. Спротивно на Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, Министерството за правда не води дел од пропишаните деловни книги на соодветен начин, и тоа:

- Не води книга на влезни фактури, книга за набавки, пописни листи (за материјали и ситен инвентар), ниту се врши материјално задолжување на лицата кои располагаат со истите;
- Набавените материјали и ситен инвентар не ги евидентира преку сметките за залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и сметката останат капитал, не се врши материјално задолжување и евиденција на истите.
- Несоодветно ја води книгата на благајна (касов извештај), односно вкупниот промет на благајната (денарска и девизна) не го вклучува прометот на авансите за службени патувања, ниту се води аналитичка евиденција на побарувања за аванси по лица изразени во денари и девизи, што дава можност за несовесно и незаконско трошење на буџетски средства.

Неводењето, односно несоодветното водење на деловните книги придонесува за нереално и необјективно прикажување на прометот и состојбата на соодветните сметки во сметководствената евиденција.

11.2.2. Во 2008 година дел од документацијата што беше предмет на ревизија не е потпишана од министерот, ниту пак од него овластено лице како тврдење дека истата е вистинита и реално ја прикажува сметководствената промена односно трансакција. МП нема обезбедено систем на редовна внатрешна сметководствена контрола за проверка на финансиските промени односно трансакции, како и проверка на сметководствената документација и финансиските извештаи што е спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. До 30.06.2008 година МП нема назначено лице ликвидатор кое ќе биде одговорно за формалната и сметковната точност на сметководствените документи. Необезбедената внатрешна контрола создава ризик од несовесно управување и располагање со буџетските средства.

11.2.3. Со ревизијата на благајничкото работење преку денарската и девизната благајна чиј вкупен промет во 2008 година изнесува 4.241 илјади денари, се констатирани следните слабости и неправилности:

- Благајничките извештаи не се изготвуваат навремено (ажурно) при секоја промена на паричните средства во благајната. Истите се потпишани само од благајникот и не се проверени и контролирани од друго независно и одговорно лице во министерството.
- Едно исто лице кое е вработено во СОЗР, ги обавува работите на благајник (денарска, девизна и благајна за верна картички) за повеќе државни органи, без физичко разграничување на готовината во благајната по субјекти, истата се чува во еден сеф, не се врши попис на крајот на годината на паричните средства (денари и девизи) искажани во апоени и не се врши контрола на поткрепувачката документација за исплата, од друго независно лице, поради што постои можност од злоупотреба, односно незаконско користење на средствата или времено финансирање на одделни лица.
- Не се води посебна евиденција за прометот на девизите по различни валути (ЕУР, УСД ).
- Не се изготвуваат основните документи, каса прими и каса исплати за евиденција на прометот на благајната, односно за секоја уплата и исплата на средства, освен за исплатените аванси на вработените кои не се евидентираат во прометот на благајната.
- Сметководствените документи приложени кон благајничкиот извештај не се потпишани од овластено лице за одобрување на исплатата и не се контролирани од овластено лице (ликвидатор).

Според напред наведеното МП нема обезбедено систем на внатрешна контрола со располагањето на готовината, нема разграничување на одговорноста и обезбедена евиденција за прометот на парите, што е спротивно на Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. При вакви услови на работа постои висок ризик од злоупотреба и ненаменско користење на средствата.

**Препораки**

1. Одговорните лица во секторот за финансирање да ги воведат деловните книги согласно Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, како и да воведат евиденција на залихите на материјали и ситен инвентар преку

соодветните сметки од сметковниот план, со материјално задолжување и раздолжување на истите.

2. МП да обезбеди внатрешна сметководствена контрола за проверка на финансиските промени односно трансакции, како и проверка на сметководствената документација и финансиските извештаи согласно Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.
3. Одговорните лица за финансии и сметководство да обезбедат ажурно и навремено евидентирање на финансиските трансакции преку благајните и контрола на работењето со паричните средства.

11.3. **Неправилности во искажувањето на приходите и расходите**

11.3.1. Во текот на 2008 година исплатени се средства од ставката субвенции и трансфери по извршни судски решенија во вкупен износ од 11.805 илјади денари, донесени во врска со спорови за надомест на материјална и нематеријална штета поради неоправдано осудени или неосновано лишени од слобода лица, по завршена судска постапка, согласно Законот за кривична постапка. Ревизијата утврди дека во МП односно во Секторот за правосудство (одделение за помилување и надомест на штета) не се води соодветна база на податоци од денот на доставеното барање од физичко лице за надомест на штета, до реализирањето на истото преку вонсудска спогодба или по судски пат.

Во врска со наведеното, во 2006 година, заради разрешување на согледаните проблеми, кои се јавуваат при работата на Државното правобранителство во исполнување на неговите законски обврски за преземање на редовни или вонредни правни средства, Владата на РМ по разгледување на информацијата од МП, на седница одржана на 11.09.2006 година, донела заклучоци со кои се задолжуваат државните органи да соработуваат со Државното правобранителство, да ги пријавуваат преземените обврски односно обврските по основ на правосилни судски пресуди до МФ – Сектор за трезор, согласно Законот за буџетите и Упатството за начинот на трезорско работење. Донесените заклучоци на Владата имаат за цел воспоставување на систем на контрола и координација помеѓу Државното правобранителство на РМ со државните органи што ќе обезбеди навремено следење на судските предмети заради преземање на редовни или вонредни правни средства со што би се заштеделе значителен дел на средства во Буџетот на РМ.

Со ревизијата за 2008 година не се добиени информации за преземени конкретни активности за постапување по заклучоците на Владата на РМ.

**Препорака**

1. Во Секторот за правосудство – одделение за помилување и надомест на штета да се воведе база на податоци од денот на доставеното барање на физичко лице за надомест на штета до реализирањето на истото преку вонсудска спогодба или по судски пат, односно да се преземат конкретни активности за постапување по заклучоците на Владата на РМ.

11.4. **Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба**

11.4.1. Ревизијата не доби достатни и релевантни докази за потврдување на реалноста и објективноста на искажаната сметководствена вредност на градежните објекти во износ од 487.613 илјади денари поради следното:

- Во текот на 2008 година извршено е намалување на вредноста по основ на отстапување на зграда (низок дел), во која е сместен Основниот суд Скопје 2, со сегашна вредност од 246.266 илјади денари, врз основа на решение донесено од тогашниот министер за правда од 2000 година, без да се обезбеди документ за носителот на правото на сопственост/користење од Агенцијата за катастар на недвижности, што може да има за ефект неевидентиран објект како имот на државата.
- За зградата - висок дел во која е сместен Врховен суд со вредност од 460.949 илјади денари, не е обезбеден имотен лист од АКН за да се потврди носителот на право на користење, а според извештајот за попис утврдена е сопственост на зградата со имотниот лист на МП. Заради регулирање на ваквата состојба министерот формирал Комисијата за располагање со движни и недвижни ствари, со цел да поведе постапка за преотстапување на зградата на сегашниот корисник (Врховниот суд). До денот на ревизијата не е спроведена постапката за преотстапување односно не е обезбеден доказ за соодветен статус на зградата.
- Во текот на 2008 година, а во врска со изградбата на нова правосудна зграда во која ќе биде сместен Управниот суд, донесена е Одлука од Владата на РМ, бр 19-5909/1 од 23 ноември 2008 година и исправка од 18 декември 2008 година, за престанок и давање на користење на недвижна ствар на МП, која се однесува на земјиште во КО Центар 1, запишана во имотен лист бр 9283, КП 8887/1 сопственост на РМ. Ова земјиште не е евидентирано во сметководствената евиденција на МП.
- МП ја зголемило набавната вредност на материјалните средства (градежни објекти) и државниот капитал за износот на потрошени средства за тековно одржување од 8.362 илјади денари, спротивно на Законот и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Во друг случај, зголемена е вредноста на објекти чија сопственост односно право на користење не може да се утврди, ниту пак во сметководствената евиденција на МП се евидентирани објекти во кои се сместени П.О. и месните канцеларии. Со 31.12.2008 година нема попис на вакви објекти односно не е утврдена сопственоста и правото на користење на објектите.

Ваквата состојба придонесува за необјективно и нереално прикажување на билансните позиции на МП, како и немање на сознание за вкупната вредност на недвижни ствари со кои располага РМ.

11.4.2. Во сметководствената евиденција на МП на позицијата материјални средства евидентирана е опрема (електрични сметачи, килими, теписи, клима уреди, канцелариски мебел) набавена во претходните години со финансиски средства обезбедени преку Буџетот на МП, согласно Програмата за финансирање, наменети за опремување на судовите, со сегашна вредност на 31.12.2008 година во износ од 9.572 илјади денари. На позицијата опрема евидентирани се основни средства (компјутери и печатари), набавени во 2008 година со вредност од 5.936 илјади денари, од средства обезбедени со Одлуката за прераспределба на средства меѓу буџетските корисници, донесена од Собранието на РМ, одобрени на програма 10 – администрација преку Буџетот на МП. За овие набавки во претходните години не се донесени решенија за преотстапување од министерот за правда односно со измената на Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост не се донесени одлуки од Владата на РМ за престанок и давање на користење без надомест од МП на судовите.

Со 31.12.2008 година наведената опрема е заведена во посебни пописни листи по групи на основни средства со вкупна набавна вредност од 74.435 илјади денари, исправка на вредност од 58.927 илјади денари и сегашна вредност од 15.508 илјади денари. Средствата не се вклучени во пописот од пописната комисија на МП, а нивното постоење не е потврдено ниту со попис од комисии во судовите. Поради неизвршен попис и неизвршено усогласување на книговодствената со фактичката состојба, како и поради необезбеден увид во сметководствената документација при самата набавка на опремата за судовите во претходните години, ревизијата неможеше да ја потврди прикажаната состојба, ниту да даде корекција на состојбите искажани во финансиските извештаи.

11.4.3. Спротивно на Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, со 31.12.2008 година не е извршен попис на материјалните средства во подготовка од страна на пописната комисија на МП. Врз основа на анализите и сметководствената документација од минати години, од страна на Секторот за финансирање, лицата ангажирани за водење на сметководството од СОЗР и одделението за внатрешна ревизија, по извршениот отпис на инвестициите во тек со преотстапување на ОЈО и судовите во износ од 6.060 илјади денари, констатирале дека останале нерасчистени следните состојби искажани во деловните книги на министерството, и тоа:

- Вредноста на компјутерската мрежа прикажана на ден 31.12.2008 година во износ од 74.942 илјади денари не е поткрепена со соодветна документација, а според усмените кажувања на одговорните лица се однесува на активности од 2000 година.
- Вредноста на извршената реконструкција во КП Дом Идризово во износ од 85.269 илјади денари која била финансирана од Буџетот на РМ, а потекнува од минати години, `сеуште не е пренесена од позицијата - средства во подготовка кај МП на КП Дом Идризово, поради неизвршено одобрување на доставената документација од министерот за правда, со цел донесување решение за зголемување на вредноста на реконструираниот објект. Во врска со ова прашање потребно е претходно да се утврди правото на сопственост, односно користење на објектот заведен во АКН, и соодветно на тоа да се евидентира вложувањето.
- Инвестиции во тек за извршени градежно занаетчиски и инвестициски работи од минати години на објекти во кои се сместени судовите во Велес, Битола и Скопје, и за кои не е утврдена сопственоста односно правото на користење во вкупен износ од 2.927 илјади денари.

Поради неизвршениот попис и неизвршеното усогласување на книговодствената со фактичката состојба, како и поради необезбедена целосна сметководствена документација, ревизијата имаше ограничување за да ја потврди состојбата на средствата во подготовка, ниту да даде корекција на состојбите искажани во финансиските извештаи.

11.4.4. Со состојба на 31.12.2008 година во рамките на позицијата материјални средства во подготовка се води централното депо за склад на моторни возила одземени во судска постапка, во износ од 4.263 илјади денари, врз основа на платени обврски во 2007 и 2008 година по ситуации и фактура од фирмата Метал Електрик, ДООЕЛ Скопје (изведувач) и Евроконсалтинг, ДОО Скопје (надзор). Изградбата на инвестициониот објект се врши од одобрените средства во Буџетот на МП, согласно заклучокот на Владата од

4.06.2007 година за задолжување на министерството да ја реализира изградбата.

МП, согласно донесената одлука за јавни набавки и спроведената постапка за јавна набавка, обезбедило средства од 7.400 илјади денари во 2007 година, и склучило договор за градежни работи во износ од 7.382 илјади денари, кој не е целосно реализиран до крајот на 2007 година, ниту до мај 2009 година. До денот на завршување на ревизијата не е доставена завршна ситуација, ниту е извршен технички прием на објектот, иако рокот за завршување е одамна истечен (крајот на декември 2007 односно почеток на јануари 2008 година).

Со споредба на описот на работите и количините на материјалите во предмер-пресметката од тендерската документација за целосно реализирање на изградбата на централното депо и новата кровна конструкција на магацинот, и описот во Програмата за финансирање на изградбата од 10.05.2007 година, ревизијата констатира дека голем дел од предвидените и планирани градежни работи не се внесени, а кај поодделни градежни работи количините се намалени. Поради наведеното вредноста на јавната набавка е намалена од планираните 11.009 илјади денари на 7.400 илјади денари, а предметот на набавка е променет од изградба во адаптација на централно депо за складирање на моторни возила одземени во судска постапка и санација на кровна конструкција на магацин сместено во нас. Идризово - КПД Идризово. Ревизијата немаше сознание за причината на извршената промена и која е вистинската проценета вредност на набавката (дали според програмата или тендерската документација).

За превземените активности МП не доставувало информации на секои 3 месеци до Владата на РМ, иако било задолжено со заклучокот на Владата, поради што не можела да се следи и реализацијата на градбата согласно утврдените рокови со договорот.

Наведениот објект по завршувањето треба да биде предаден на Агенцијата за управување со одземен имот, основана согласно Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка.

**Препораки**

1. Одговорните лица во МП да обезбедат имотен лист од Агенцијата за катастар на недвижности за носителот на правото на сопственост/ користење на објектот во кој е сместен Основниот суд Скопје 2, Скопје.
2. Комисијата за располагање со движни и недвижни ствари да поведе постапка за преотстапување на зградата (висок дел) во кој е сместен Врховниот суд со претходно обезбедување на имотен лист за утврдување на носителот на недвижната ствар со право на користење.
3. Во сметководствената евиденција на МП, да се евидентира земјиштето согласно одлуката од Владата на РМ, чие право на користење е дадено на МП и запишано во имотен лист бр 9283.
4. Комисијата за располагање со движни и недвижни ствари да ја преиспита сопственоста на објектите во кои се сместени П.О. и месните канцеларии на МП, заради оправданоста на вложувањата во тековно одржување на истите.
5. МП во соработка со судовите да ја утврди фактичката состојба на опремата (по количина и вредност) наменета за судовите со цел правилно евидентирање во финансиските извештаи кај наведените субјекти.
6. Поради значајноста на инвестициите во тек искажани во финансиските извештаи при спроведувањето на попис посебно внимание да се обрне на инвестициите во тек од минати години.

7. Одговорните лица во МП да ја утврдат причината за нецелосното реализирање на Програмата за финансирање на изградбата на централното депо и кровната конструкција на магацинот.

11.5. **Ненаменско и незаконско користење на средствата**

11.5.1. Ревизијата утврди настанати расходи без претходно обезбедени средства со буџетот/финансискиот план и спротивно на законските прописи во следните случаи:

- Незаконски исплатени средства за лица ангажирани по договор за дело (матичари во месни канцеларии, архивари, возачи и технички секретари на заменик министерот) во вкупен износ од 702 илјади денари спротивно на Законот за работни односи, Законот за облигациони односи и Законот за извршување на Буџетот на РМ. Од 2007 и 2008 година доколку постои потреба може да се ангажирааат само времени вработени согласно Законот за Агенциите за привремени вработувања.
- Незаконски исплатени средства на волонтери по договори за волонтерство, во вкупен износ од 134 илјади денари, при што на лицата кои се ангажирани за период од два месеца (јули и август) им се исплатува надомест за храна и превоз без претходно да бидат обезбедени условите од страна на министерството наведени во член 6 став 2 од Законот за волонтерство, според кој организаторот на волонтерската работа ја утврдува потребата од ангажирање на волонтери, видот на услугите и начинот и постапката за обезбедување на истите, врз основа на програма за волонтирање, како и обезбедена евиденција на волонтерската работа на начин предвиден во Правилникот. За овие исплати не се планирани и обезбедени средства со буџетот на МП што е спротивно на Законот за буџетите и Законот за извршување на Буџетот на РМ.
- Ненаменски потрошени средства за услугата - рекламни спотови во телевизиските медиуми, во вкупен износ од 2.709 илјади денари, по склучени договори за соработка со телевизиите: А1, Канал 5 и Сител телевизија, за кои не се планирани и одобрени средства со буџетот на министерството за 2008 година, што е спротивно на Законот за буџетите и Законот за извршување на Буџетот на РМ.
- Незаконски исплатени средства во износ од 207 илјади денари за прекувремена работа на вработени во администрацијата во МП, (на државниот советник за државна управа и изборен систем, раководителот на Секторот и оделението за државна управа и изборен систем, раководителот на Секторот за финансирање и на лицата ангажирани за водење на сметководството од СОЗР), чии поединечни исплати се движат од 3 до 60 илјади денари по вработен, а кои се паушално утврдени, без доказ за поминати часови за прекувремена работа за изборните активности, спротивно на законските прописи.

**Препорака**

1. МП да воспостави ефикасен и редовен систем на интерни контроли со цел да се избегнат, односно сведат на најмал можен степен случаите на незаконско и ненаменско трошење на средства.

11.5.2. Неприменување на постапките од Законот за јавни набавки

Во врска со примената на Законот за јавни набавки ревизијата го утврди следното:

- За извршената услуга – превод на текстови во вкупен износ од 3.426 илјади денари не е спроведена постапка за јавна набавка, што е спротивно на чл. 17 став 1 ал. 1 од ЗЈН (консултантски услуги). Во 2009 година во врска со потребата од спроведување на постапка за јавна набавка за услугата – превод на текстови и избор на судски преведувачи, од страна на МП доставено е писмо со барање до МФ – Биро за јавни набавки од 16.02.2009 година, за што е добиено мислење согласно чл. 7 од ЗЈН, доколку документите за превод се означени со степен на “државна тајна“ или пак за извршување на услугите кои се однесуваат на тие документи се потребни посебни безбедносни мерки и постапки согласно важечките прописи, истите претставуваат исклучок од Законот. Ревизијата смета дека треба да се има предвид и чл. 7 став 2 во кој е кажано дека за ваквите случаи договорниот орган е должен да ја извести Владата. МП презело мерки со тоа што во мај 2009 година изготвен е Правилник за определување на степен на класифицирани информации, во работна верзија, кој е доставен на разгледување до МФ и Секретаријатот за законодавство при Владата на РМ. Во овој Правилник е предвидена одредба според која за отстапувањето на класифицирани информации на овластен преведувач заради преведување да не се применуваат одредбите од ЗЈН. Добиен е одговор и од Секретаријатот, за ненадлежност по однос на давање на мислење на интерен акт – правилник, а од Министерството за финансии `сеуште не е добиен одговор.
- За извршената услуга – изработка, измени и дополнувања на законски текстови ангажирани се физички лица (професори, судии, нотари, адвокати, јавни обвинители и други правосудни институции) по решенија за исплата на надоместок за учество и работа на пооделни закони, донесени од министерот за правда, за што се потрошени средства во вкупен износ од 1.690 илјади денари, без спроведена постапка за јавна набавка спротивно на ЗЈН. Во работните групи учествуваат вкупно 61 лице, а поединечните исплати се движат од 8 до 25 илјади денари, утврдени од министерот, со тоа што на претседателите на работните групи и на еден член од работната група им е исплатено определен месечен износ за 10 месеци во 2008 година, а на останатите членови по една до две исплати без утврдени критериуми. На крајот на 2008 година во декември исплатен е уште по еден износ на претседателите на работните групи и на членот на работната група. Решенијата за формирање на работните групи се донесени врз основа на чл 55 од Законот за организација и работа на државната управа. Исплатата е извршена од средствата обезбедени во програма ГА – реформи во судството.
- За извршената услуга за привремени вработувања преку Агенцијата за привремени вработувања Проспект - Прилеп, склучени се поединечни договори во 2008 година за што се исплатени средства во вкупен износ од 9.034 илјади денари, без спроведена постапка за јавна набавка, иако со донесувањето на новиот ЗЈН од 1.01.2008 година, овие услуги подлежат на спроведување на постапка за јавна набавка согласно чл 17 од ЗЈН.
- За услугата – рекламирање (соопштенија во дневни весници) кои се однесуваат на информирање на граѓаните за активностите во работењето на министерството, потрошени се средства во вкупен износ од 1.590

илјади денари, за кои не е спроведена постапка за јавна набавка спротивно на ЗЈН.

- За набавката на авионски карти од ТА Орфеј, Скопје, за екстрадиција на осудени лица согласно Законот за кривична постапка и Европската конвенција за екстрадиција, во 2008 година платени се 2.789 илјади денари, за кои не е спроведена постапка за јавна набавка, што е спротивно на ЗЈН, со оглед на тоа дека не се работи за услуга која е изземена од Законот (не е во исклучоци), ниту пак за набавка за која е задолжена СОЗР при Владата на РМ, (писмо бр 12-5752/1 од 26.09.2006 година).

Непочитувањето на одредбите од Законот за јавни набавки влијае на изборот на најповолниот понудувач и рационалното и ефикасно искористување на средствата во постапките за доделување на договорите.

**Препорака**

1. Одговорните лица во МП при реализација на јавните набавки да преземат мерки за обезбедување конкурентност и еднаков третман меѓу економските оператори, транспарентност и интегритет во доделувањето на договорите за јавни набавки и рационално и ефикасно искористување на средствата во спроведените постапки.

12. Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 11.2.1. до 11.2.3; 11.3.1; 11.4.1. до 11.4.4. ние не изразуваме мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи на МП - средства од Буџетот на РМ, под 31.12.2008 година и на резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, освен за изнесеното во точките 11.5.1. и 11.5.2. кај МП - средства од Буџетот на РМ, остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2008 година.

14. Обрнуваме внимание на следното:
    - Во 2008 година набавката на опрема (компјутери и печатари) за судовите и Ј.О. преку Буџетот на МП, според образложението во одлуката за јавна набавка, е извршена согласно чл. 93 од Законот за јавно обвинителство, и чл 83 од Законот за судовите. Ревизијата смета дека планирањето и обезбедувањето на средства за набавки на опрема за судовите не треба да се вршат преку Буџетот на МП бидејќи согласно чл 108 од Законот за судовите, средствата за работа се обезбедуваат од судскиот буџет во кој се предвидени и средства за капитални трошоци. Поради наведеното, ревизијата предлага во иднина набавката на капитални средства да се врши од средствата обезбедени во судскиот буџет.
    - Во 2008 година не е донесена Програма за висината на средства за изградба, реконструкција, одржување на објектите и опремувањето на јавните обвинителства, што е спротивно на чл. 82 од Законот за јавно обвинителство, а во предлог буџетот, на база на проценка на МП побарани се средства во износ од 1.050 илјади денари. Со Буџетот на РМ одобрени се средства за капитални расходи во износ од 285 илјади денари, а реализирани се 198 илјади денари.
    - Согласно заклучокот од Владата на РМ, со ребалансот и одлуката за прераспределба, преку програма 10 - администарција на МП се одобрени средства за реализирање на набавката за судовите и Ј.О. во износ од 23.000 илјади денари. Истовремено, во Буџетот за 2008 година на гр. 48 – Капитални расходи се планирани средства во вкупен износ од 4.300 илјади денари за Јавни обвинителства на РМ. Ревизијата предлага МФ и МП да го преиспитаат

планирањето и одобрувањето на средства за инвестициони активности преку МП и преку ЈО на РМ во Буџетот на РМ и во иднина да се врши споредба и усогласување на набавките на капиталните средства обезбедени во буџетот на МП и во буџетот на Ј.О. или да се предложи измена на законските одредби во делот на набавките со цел да се избегне можноста од несоодветно планирање и трошење на буџетските средства односно планирање на средства само во еден буџет.

15. Ревизијата има обврска да истакне дека по Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи на МП, сметка за средства од Буџетот на РМ за 2006 година, од страна на МП, спроведени се препораките за отстранување на неправилностите во точка 11.1.3, 11.2.1 ал 1, 11.2.4 и 11.3.1. ал 2 и 3, делумно се спроведени препораките за наодите во точка 11.2.2, 11.3.1 ал 1 и 4, 11.4.1, 11.4.2, 11.4.3, 11.4.4, 11.5.1 и 11.5.2., а не се спроведени препораките за наодите во точка 11.1.1, 11.1.2, 11.2.1. ал 2, 3 и 4, 11.2.3. и 11.2.5. од извештајот. Не е доставен писмен одговор на информацијата за преземени мерки по препораките од овластениот државен ревизор содржани во Конечниот ревизорски извештај за 2006 година.

16. Прифатени и корегирани неправилности од страна на МП во текот на ревизијата:
    - Извршени се корекции на одделни сметки во рамките на позицијата - Материјални средства и позицијата - Извори на капитални средства (државен јавен капитал) искажани во главната книга и Бруто билансот за 2008 година, поради неосновано зголемување на вредноста на градежните објекти. Министерството ги прифати дадените препораки од ревизијата и ја отстрани утврдената грешка во деловните книги под 31.12.2008 година со налог за книжење бр. 211111 од 09.06.2009 година.

Скопје, 28.07.2009 година **Овластен државен ревизор**

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2008 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2008 | 2007 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 385,396 | 258,298 |
| **Вкупно приходи** | **385,396** | **258,298** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 189,807 | 174,378 |
| Резерви и недефинирани расходи | 82,273 | 2,490 |
| Стоки и услуги | 80,282 | 60,168 |
| Субвенции и трансфери | 9,967 | 11,077 |
| **Вкупно тековни расходи** | **362,329** | **248,113** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 23,052 | 10,171 |
| **Вкупно капитални расходи** | **23,052** | **10,171** |
| **Вкупно расходи** | **385,381** | **258,284** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **15** | **14** |
| **Даноци, придонеси и други давачки од вишокот на приходи - добивка пред оданочување** | | |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **15** | **14** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **2008** | **2007** |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 6 | 5 |
| Побарувања од вработените | 233 | 151 |
| Активни временски разграничувања | 20,047 | 20,206 |
| **Вкупно тековни средства** | **20,286** | **20,362** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 522,224 | 728,412 |
| Материјални средства во подготовка | 167,401 | 172,863 |
| **Вкупно постојани средства** | **689,625** | **901,275** |
| **Вкупна актива** | **709,911** | **921,637** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4,192 | 4,792 |
| Краткорочни финансиски обврски | 1 | 0 |
| Обврски спрема државата и други институции | 30 | 59 |
| Финансиски и пресметковни односи | 7 | 0 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 15,824 | 15,355 |
| Пасивни временски разграничувања | 232 | 156 |
| **Вкупно тековни обврски** | **20,286** | **20,362** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 689,625 | 901,275 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **689,625** | **901,275** |
| **Вкупна пасива** | **709,911** | **921,637** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2008 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2008 година** | **901,275** | **-** | **901,275** |
| **Зголемување по основ на:** | **67,867** | **-** | **67,867** |
| Набавки | 11,089 | | **11,089** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | 947 | | **947** |
| Воведување во евиденција | 50,121 | | **50,121** |
| Корекција на вредноста на материјалните средства | 367 | | **367** |
| Донации | 5,343 | | **5,343** |
| Ревалоризација на капитални средства | - | | **-** |
| **Намалување по основ на:** | **279,517** | **-** | **279,517** |
| Отпис на капитални средства | 266 | | **266** |
| Преотстапени инвестиции во тек | 6,060 | | **6,060** |
| Преотстапена зграда | 246,266 | | **246,266** |
| Преотстапена опрема (возила) | 416 | | **416** |
| Корекција на вредноста на материјалните средства | 280 | | **280** |
| исправка од ревизијата | 8,116 | | **8,116** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | - | | **-** |
| Амортизација | 18,113 | | **18,113** |
| **Состојба 31.12.2008 година** | **689,625** | **-** | **689,625** |

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 0906-149/16**

**Дата: 18.09.2009**

Врз основа на член 23 став 6, 7 и 8 од Законот за државна ревизија ("Сл. весник на РМ" бр. 65/97…133/07) и добиен Приговор по Конечен Извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи на Министерството за правда, Сметка за средства од Буџетот на РМ за 2008 година, бр. 3832/2 од 27.08.2009 година, примен на ден 01.09.2009 година, Главниот државен ревизор на Државниот завод за ревизија го донесува следното

# ***Р Е Ш Е Н И Е***

***по поднесен приговор на Конечен извештај***

**1.** Приговорот на наодите во точка 11.1.2, 11.4.3, 11.2.2. ал 1, 11.5.1 ал 4 и 11.1.4., од Конечниот Извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи на Министерството за правда, Сметка за средства од Буџетот на РМ за 2008 година, **не се прифаќа**, а приговорот на точките 11.1.1 и11.5.1. ал 2, **се прифаќа**.

**2.** Решението по доставениот приговор на Конечниот извештај претставува прилог на Конечниот извештај и интегрално се интерпретира во годишниот извештај.

**3.** Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

***О б р а з л о ж е н и е,***

Против Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи на Министерството за правда (во понатамошниот текст МП) - Сметка за средства од Буџетот на РМ за 2008 година, поднесен е приговор бр. 3832/2 од 27.08.2009 година.

Образложението за неприфаќање на приговорот на наодите изнесени во точка 11.1.1, 11.1.2, 11.4.3, 11.2.2. ал. 1, 11.5.1 ал. 4 и 11.1.4., односно прифаќање на приговорот на наодот во точка 11.1.1 и 11.5.1 ал. 2 од Конечниот извештај е следното:

1. Приговорот на наодот во точка 11.1.1. од Конечниот извештај, кој се однесува на недонесена Годишна програма за работа на Министерството за правда што претставува обврска на министерството согласно член 22 од Правилникот за внатрешна организација на работа на министерството за правда, **се прифаќа**, поради доставена Програма за работа на Министерството за правда за период

2008 – 2011 година во која е инкорпорирана и Програмата за работа за годината предмет на ревизија.

Програмата за работа на Министерството за правда за 2008 – 2011, претставува четири годишна програма во која се наброени - содржани активности кои се однесуваат на реформските активности на Министерството за правда за период од 4 години согласно усвоените стратегиски документи: стратешки план на МП, Национална програма за усвојување на правото на ЕУ, Партнерството за пристапување на РМ во ЕУ, Стратегијата за реформа во правосудството, Стратегија за реформа на казненото законодавство и Стратегијата за ИТ во правосудството, со цел исполнување на обврските за остварување на стратешките приоритети како што се добивање на полноправно членство на РМ во НАТО и ЕУ.

2. Приговорот на наодот во точка 11.1.2. од Конечниот извештај, што се однесува на неподготвен Годишен извештај за работењето на министерството за 2008 година, ниту изготвени поединечни извештаи од одделни сектори и органи, **не се прифаќа**, од причина што доставените документи во приговорот (Информација за реализираните активности на МП, септември 2006 – април 2008, закони подготвени и предложени од МП септември 2006 – август 2008 година, предлог буџетска пресметка за 2008 година на МП), не претставуваат Годишен извештај за работењето на МП за 2008 година односно истите се парцијални документи за одделни активности што се одвиваат во МП. Изготвувањето на Годишниот извештај е обврска на министерството, и неговото изготвување има за цел да утврди во колкав обем министерството ги извршило активностите што се во негова надлежност во однос на планираните активности со Програмата за работа. Согласно член 46 ст. 3 од Законот за извршување на Буџетот на РМ за 2008 година, МП има обврска до Министерството за финансии да доставува полугодишни и годишен извештај за реализација на програмите, најдоцна еден месец по извештајниот период.

3. Приговорот на наодот во точка 11.4.3. алинеја 2 од Конечниот извештај, кој се однесува на неизвршен попис на материјалните средства во подготовка со состојба на 31.12.2008 година, поради необезбедена соодветна документација за набавена компјутерската мрежа од минати години во износ од 74.942 илјади денари и непренесена вредност на средства за извршена реконструкција во КП Дом Идризово во износ од 85.269 илјади денари од позицијата - средства во подготовка на позицијата - материјални средства, како резултат на неизвршено одобрување на доставената документација од министерот за правда, **не се прифаќа**, поради неиздржаното образложение во приговорот. Министерот за правда изразува сомневање во веродостојноста на документацијата од минати години за што е потребно да преземе соодветни активности и да ги информира надлежните институции за преземање мерки и утврдување на одговорноста за евентуално незаконско работење.

4. Приговорот на наодот во точка 11.2.2. алинеја 1 од Конечниот извештај, што се однесува на необезбеден систем на редовна внатрешна сметководствена контрола за проверка на финансиските промени односно трансакции, како и проверка на сметководствената документација и финансиските извештаи, што е спротивно на член 12 и 17 од Законот и член 12 и 14 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, **не се прифаќа**, поради тоа што дел од сметководствените документи (влезни фактури) не беа комплетни и уредни (без пропратна документација за прием на стоки и услуги) и дел од нив немаа потпис како доказ за тврдење на точноста и веродостојноста

од страна на одговорното лице во министерството. Целокупната сметководствена документација во прилог на благајничките извештаи (денарска и девизна благајна) не е потпишана од овластено лице за одобрување на исплатата и не е контролирана од лице овластено за контрола на сметковната и формалната точност на документите. Од 30.06.2008 година назначено е лице – ликвидатор кое ќе врши сметковна и формална точност на документите.

5. Приговорот на наодот во точка 11.5.1. алинеја 2 од Конечниот извештај, кој се однесува на исплатени надоместоци за храна и превоз на волонтери во министерството, во вкупен износ од 134 илјади денари, спротивно на Законот за буџетите и Законот за извршување на буџетите и буџетските корисници, **се прифаќа,** поради дополнително доставен преглед за присуство на волонтери во 2008 година. И понатаму останува обврската на МП за создавање услови при ангажирање на волонтери наведени во член 6 став 2 од истиот закон, според кој организаторот на волонтерската работа ја утврдува потребата од ангажирање на волонтери, видот на услугите и начинот и постапката за обезбедување на истите, врз основа на Програма за волонтирање. МП како буџетски корисник, согласно Законот за буџетите и Законот за извршување на Буџетот за 2008 година, средствата за исплата на волонтерите треба да ги предвиди и планира во буџетот на министерството, а доколку се работи за потреба од итен и непредвидлив карактер во текот на годината треба да се изврши пренамена на претходно планираните буџетски средства.

6. Приговорот на наодот во точка 11.5.1. алинеја 4 од Конечниот извештај, кој се однесува на незаконски исплатени средства во износ од 207 илјади денари за прекувремена работа на вработени во администрацијата во МП, чии поединечни исплати се движат од 3 до 60 илјади денари по вработен, а кои се паушално утврдени, без доказ за поминати часови за прекувремена работа за изборните активности, **не се прифаќа**, од причина што кон приговорот е доставен преглед на прекувремена работни часови (од 01.04 до 29.06.2008 година) по лица потпишан само од раководителот на сектор за државна управа и изборен систем, без приложена евиденција од електронскиот систем на евидентирање на работното време.

Согласно горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Скопје, 16.09.2009 година

**Главен државен ревизор,**
**Тања Таневска**